**Општинско основно училиште**
**„Кочо Рацин“ - Куманово**

# Годишен извештај за работа на Училиштето во учебната 2022/23 год.

**јуни, 2023 год.**

Врз основа на член 113 од Законот за основно образование (Сл.весник на РСМ бр.161/19 год), в.д.директорот поднесува Извештај за постигнатите резултати во ВОР

***Појдовни основи за изработка на извештајот***

Целта на извештајот е да се даде осврт на целокупната работа на Училиштето, постигнатите резултати во наставата и воннаставните воспитно - образовни подрачја, како и констатирање на позитивните страни и евентуалните пропусти со препораки и предлог-мерки за нивно надминување.

За следење на квалитетот на работата на училиштето во седум клучни подрачја од дејноста во периодот од 22.11.2021 до 24.11.2021 г. од страна на инспекциски тим од ДПИ е спроведена интегрална евалуација, а конечниот извештај од наодите и препораките се добиени во декември 2022, по што е изготвен Акционен план по препораки за подобрување на работата на училиштето по интегрален увид.

Учебната година започна на 01.09.2022, според *Календар за организација и работа на основните училишта во учебната 2022/23* година. Истиот, со одлука на Владата, на предлог на МОН, претрпе измени, па второто полугодие наместо на 18 јануари започна на 23 јануари. Зимскиот распуст е продолжен поради заштита на здравјето на учениците и заштеда на електрична енергија за греење. Со истата одлука наставната година наместо на 9 јуни заврши на 14 јуни 2023.

***Услови за остварување на воспитно – образовната дејност во училиштето***

И во оваа учебна година ВОР во ООУ„Кочо Рацин“ - Куманово беше организирана во седум објекти – училишта: централно, во населбата „Гоце Делчев“ и во ПУ с.Орашац, од I до IX одделение. Во ПУ с.Орашац одделенската настава се одвиваше во две комбинирани паралелки, а предметната настава – во четири чисти паралелки; во ПУ с.Доброшане наставата се одвиваше во пет чисти паралелки од I до V одделение, во селата Биљановце и Кучкарево во две комбинирани паралелки, а во селата Габреш и Градиште во по една комбинирана паралелка од I до V одделение.

Наставата во Централното училиште се изведува во училишен објект кој е во употреба од 1983 година, кој редовно се одржува и во последниве години се заменети речиси сите прозорци на училниците и на дел од еден ходник. Преку проектот *Сложувалка,* во соработка со Меѓуопштинско здружение на лица со телесен инвалидитет Куманово, Кратово и Крива Паланка –*Мобилност,* на западната страна на училиштето и игралиштето беше изградена прилагодена патека/рампа за потребите на ученици со телесни пречки во развојот, како и преадаптација на по еден од постоечките тоалети во предметна и одделенска настава. Во учебната 2020/21 година, Централното училиште се вароса со донирани средства од вработените, родителите, а дел се обезбедени преку Локалната самоуправа. Исто така беше извршена санација на потпорниот ѕид на влезот на училиштето, во соработка со локалната самоуправа и истиот беше осликан од членовите на ликовната секција *Ван Гог.*

Пред почетокот на учебната година се извршени подготовките за успешно и безбедно одвивање на наставата

- извршена е целосна дезинфекција на централното и сите подрачни училишта
- целосно е опремен кабинетот по природни науки
- изготвени се распореди на започнување на часови за учениците

Активностите за подобрување на условите за работа и безбедноста во училиштето продолжија и во текот на наставната година. Притоа се работеше на довршување на реконструкцијата на училишната зграда во ПУ с.Биљановце (кров, фасада, столарија). Во ПУ с.Орашац со помош на техничкиот персонал, наставниците по ФЗО и учениците од IX-6 одделение се реконстуираа - заварија и повторно се поставија головите на игралиштето. Се

работеше и на уредување и опремување на сензорна соба во централното училиште, за потребите за работа со учениците со ПОП.

Во текот на оваа учебна година училиштето презема и низа активности за обезбедување адекватна средина за учење која ќе ги стимулира учениците активно да се вклучат во наставата, преку ставање во проблемски ситуации и поттикнување соодветно да реагираат на проблемите. Направена е прераспределба на постојните ЛЦД телевизори кои претходно беа во училниците за одделенска настава, а одреден број се однесени во подрачните училишта.

Пред почетокот на учебната година изготвен е распоредот за редовна настава, а распоредите за дополнителна и додатна настава се изготвуваат за секој месец одделно и се истакнуваат на Web страна на Училиштето.

Евиденција за реализацијата на наставата и постигањата на учениците од минатата учебна година се води само во електронски дневник. На месечно ниво одделенските раководители ги печатеа страниците со евиденција за реализираните наставни часови.

Во текот на оваа учебна година во училиштето се почитуваа препораките од Владата и МОН за однесување на вработените во јавните институции за штедење на електрична енергија.

***Настава***

Во оваа учебна година настава следеа вкупно 1221 ученици, распоредени во 54 чисти и 8 комбинирани паралелки. На почетокот беа запишани 1243 ученици, но дојде до отпишување на поголем број ученици, најголем број поради преселување во странство.

Од оваа учебна година НПП во I, II, IV и V одделение се реализира согласно со новата Концепција за основно образование која минатата учебна година ги опфати само I и IV одделение. Времетраење на наставата за овие 4 одделенија е 5 саата.

Пред почетокот на учебната година сите наставници ги изготвија потребните годишни планирања, а тематските ги доставуваа 3 дена пред почеток на новата тема. Планираните часови се и реализирани.

Пред почетокот на учебната година сите наставници ги изготвија потребните годишни и тематски планирања.

Наставната година заврши на 14.06.2023 год., а реализирани се 181 наставни денови.

Централно училиште

| одд. | I | II | III | IV | V | I- V | VI | VII | VIII | IX | VI-IX | I- IX |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| пар. | 5 | 5 | 5 | 5 | 5 | 25 | 5 | 5 | 5 | 5 | 20 | 45 |
| учен. | 128 | 115 | 129 | 126 | 112 | 608 | 114 | 119 | 134 | 137 | 504 | 1114 |

ПУ с. Доброшане

| одд. | I | II | III | IV | V | I -V |
|---|---|---|---|---|---|---|
| пар. | 1 | 1 | 1 | 1 | 1 | 5 |
| учен. | 7 | 8 | 12 | 10 | 7 | 44 |

ПУ с. Биљановце

| одд. | I/II/III | | | IV/ V | | I - V |
|---|---|---|---|---|---|---|
| пар. | 1 | | | 1 | | 2 |
| учен. | 2 | 3 | 4 | 4 | 4 | 17 |

ПУ с.Орашац

| одд. | I/II/III | | | IV/V | | I - V | VI | VII | VIII | IX | VI-IX | I-IX |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| пар. | 1 | | | 1 | | 2 | 1 | 1 | 1 | 1 | 4 | 6 |
| уч. | 2 | 3 | 2 | 1 | 3 | 11 | 5 | 5 | 2 | 7 | 19 | 30 |

ПУ с. Кучкарево

| одд. | I/III | / V | | I- V |
|---|---|---|---|---|
| пар. | 1 | 1 | | 2 |
| ученици | 1/3 | | 2 | 6 |

ПУ с. Габреш

Една комбинирана паралелка од: I одделение – 1 ученик, IV одделение – 2 ученици, вкупно 3.

ПУ с. Градиште

Една комбинирана паралелка од: I одделение – 2 ученици, II одделение – 2 ученици, IV одделение -1 ученик, V одделение – 2, вкупно 7 ученици.

Во Училиштето во оваа учебна година ВОД ја реализираа вкупно 95 наставници, од кои 7 наставници дополнуваа од други училишта; директор, двајца педагози, двајца психолози, дефектолог и библиотекар. Наставата се изведуваше на македонски наставен јазик.

***Изборна настава***

Со изборните предмети во основно училиште на учениците им се дава можност да ги прошируваат и продлабочуваат знаењата и да ги развиваат своите индивидуални способности по одделни наставни предмети.

За реализирање на изборна настава во учебната 2022/2023 година во мај 2022 год. беше спроведена анкета за ученици за избор на изборни предмети. Постапката е спроведена според Законот за основно образование, согласно интерната процедура за избор на изборни предмети и кадровската екипираност на Училиштето. Учениците извршија избор на понудените предмети според *Насоките за организација и реализација на наставата* добиени од БРО, во согласност со нивните родители почитувајќи ги личните желби и интереси на ученикот.

Врз основа на искажаните желби, како втор странски јазик од VI до IX одделение во централното училиште се изучуваа германскиот и италијанскиот јазик, додека во ПУ с. Орашац се изучуваше рускиот јазик. Изборни предмети кои се изучуваа оваа година се: запознавање со религиите и класична култура во европската цивилизација во VI одделение; нашата татковина, изборен спорт и проекти од музичката уметност во VII одделение; во VIII одделение – нашата татковина, проекти од информатика, проекти од музичката уметност; во IX одделение програмирање и проекти од музичка уметност; додека во ПУ с. Орашац во VI одделение се изучуваше класична култура во европската цивилизација, во VII нашата татковина, а во VIII и IX проекти од музичка уметност, со 2 часа неделно за еден од предметите. Од оваа учебна година се изучуваше и изборниот предмет јазик и култура на Србите, од мал дел од учениците од III и IV одделение во централното училиште.

Во I и II одделение се реализираа слободни активности. Во IV и V одделение се воведени слободни изборни предмети, по еден за секое полугодие со 2 часа неделен фонд. Учениците можеа да бираат од предложена листа од 4 категории изборни предмети: за проширување/продлабочување на знаењата од задолжителните наставни предмети, за

поддршка на интереси на учениците кои не се дел од наставните предмети, за поддршка на личниот и социјалниот развој на учениците и од спортско-рекреативен карактер.

Наставните програми по СИП ги изготвуваше тим од наставници (стручен актив), според листата на понудени изборни предмети во училиштето, според насоки и претходно добиено одобрение од БРО. Се користеа и наставни програми изготвени од тимови наставници од други училишта.

Во месец мај 2022 год. извршен е упис на учениците во I одделение.

Во паралелките од VI одделение во Централно училиште, распределени се учениците од подрачните училишта од с. Доброшане и с. Биљановце, извршена е распределба на одделенски и предметни наставници по наставни предмети, одделенија, паралелки и часови и определени одделенски раководители на паралелките.

Пред почетокот на учебната година беше изготвен распоредот на часовите за редовната настава, а во текот на месец октомври и распоредот за одржување на дополнителна и додатна настава и истите беа истакнувани месечно на Веб страната и огласната табла на Училиштето.

Часовите за сите видови настава се реализирани според наставните денови и НПП. Наставната година заврши со 181 наставни денови.

**Реализација на утврдените приоритети**

| | |
|---|---|
| **Цел 1. Постигнување подобри резултати во наставата** | |
| **Реализирано** | **нереализирано** |
| Изработка или набавка на дел од приоритетни нагледни средства | |
| Набавена ИКТ опрема и асистивна технологија – делумно<br>донирани се 5 дигитални лап топа и 2 десктоп компјутера | Да се набават тастатури и глувчиња прилагодени на учениците со ПОП |
| Зајакнати компетенции на наставници за имплементирање на новата Концепција за основно образование | |
| **Цел 2. Подобрување на условите за работа во Училиштето** | |
| | Подобрување на состојбата со дел од подовите во училниците и ходниците во ЦУ |
| | Приклучување на ПУ с.Доброшане на канализациона мрежа |
| | Реконструирање на училишна зграда во ПУ с.Градиште |
| **Цел 3. Зајакнување на професионални компетенции на наставници и стручни соработници** | |
| Утврдени приоритетни обуки | Реализирање дисеминација од посетени обуки |
| Посетена една од задолжителните обуки од сите наставници, за втората делумно (еден дел во јуни/јули, втор дел од наставници во август) | |

***Дополнителна настава*** се изведуваше согласно интерната процедура и се организираше за учениците кои се соочуваа со повремени тешкотии во учењето, побавно напредуваа или заостануваа во усвојувањето на содржините и другите задачи од еден или

повеќе наставни предмети. Дополнителна настава се организираше во зависност од потребите на учениците од II до IX одделение.

***Додатна настава*** се изведуваше согласно интерната процедура и се организираше за учениците кои во текот на редовната настава постигнуваа натпросечни резултати и се потврдуваа со особена надареност и талентираност во одделни наставни предмети. Истите беа детектирани од страна на наставниците. Наставниците ја нудеа на учениците, а тие одлучуваа дали ќе ја посетуваат. Бројот на планирани и реализирани часови по паралелка е во зависност од потребите на учениците во паралелката.

Часовите за дополнителна и додатна настава се реализирани според планираната динамика и во зависност од потребите на учениците.

Како и минатата учебна година наставниците водат евиденција за релизацијата и ефектите од дополнителна, додатна настава и вонннаставни активности во соодветни обрасци според новиот *Правилник за формата, содржината и начинот на водење на педагошка документација и евиденција во основното училиште*.

***Работа со надарени и талентирани***

Детектирањето на надарените/талентираните ученици е извршено од страна на наставниците. Со оглед на тоа што училиштето не располага со психодијагностички инструменти, не е вршена идентификација на специфичниот вид на надареност од страна на стручните соработници. Во зависност од детектираното подрачје на надареност/талентираност предметните наставници вршеа диференцијација во планирањата на редовната настава и ги вклучуваа овие ученици во додатна настава, според искажаните интереси и по добиена согласност од нивните родители. Притоа континуирано им пружаа поддршка и ги мотивираа и насочуваа во подготовка и учество на натпревари.

Во ***работата со ученици со посебни образовни потреби*** се водеше сметка во една паралелка да се вклучат најмногу две деца со посебни потреби, наставникот да не биде почетник, во работата со ученикот се вклучуваше специјалниот едукатор/рехабилитатор. Учениците кои се категоризирани работеа според ИОП-и изготвени од наставниците, со помош и постојана поддршка од страна на специјалниот едукатор и рехабилитатор. Во работата со овие ученици беа вклучени 6 образовни асистенти, по претходно направена проценка по МКФ. Работата со овие ученици се одвиваше во соработка со ОУРЦ „Иднина" Скопје со кое во предминатата учебна година е потпишан договор за соработка и изготвен акционен план за работа.

Во рамки на проектот *Биди ИН, биди ИНклузивен, биди ИНклудиран,* нашето училиште прими грант/пакет за поддршка со кој беше опремена и ставена во употреба сензорна соба. Цел на грантот/пакетот за поддршка на училиштето е: Подобрување на можностите за образование на децата со посебни потреби, развој на инклузивниот систем на основно образование, обезбедување квалитетна настава и осмислени можности за учење на ученици со посебни образовни потреби, катче за смирување како и зајакнување на социјалната и образовна инклузија. Целосен и еднаков пристап на сите ученици во редовната настава. Проектот е финансиран од ЕУ, го спроведе Фондацијата за образовни и културни иницијативи *Чекор по чекор*, заедно со своите партнери Здружението за промоција и развој на инклузивно општество *Инклузива* и Здружението за давање услуги на лицата со попреченост *Хандимак*, со поддршка на Општина Куманово.

За учениците со специфични тешкотии во учењето се применуваше диференциран пристап, средства за работа во склад со детектираните тешкотии, а по потреба се организираше дополнителна настава.

Во работата со ***ранливи групи ученици*** се водеше сметка за нивно редовно вклучување во наставниот процес, навремено обезбедување на потребниот наставен прибор и материјали, подобрување на нивната социоемоционална состојба, следење на нивните постигања, обезбедување поддршка од соучениците преку нивно прифаќање и помош во совладувањето на наставните содржини. За постигнување на ова се ангажираа наставниците, соучениците, ученичката заедница, родителите.

Особено се водеше грижа да се обезбеди запишување и редовно присуство на учениците од ранливите групи што се под ризик од предвремено напуштање на училиштето. Согласно Концепцијата за инклузивно образование, училиштето презема активности кои го олеснија вклучувањето на учениците коишто извесен подолг период не го посетувале училиштето, го напуштиле или не се запишале навреме. Во работата со еден од овие ученици, кој потекнува од социјално загрозено семејство е вклучен и образовен медијатор, по претходно утврдена потреба и поднесено барање од училиштето. За подобрување на редовноста вршени се посети на домот од страна на одделенските раководители и стручни соработници, испраќани се покани до родителите/старателите, повикувани се на советување за родители/старатели.

Стручните соработници се вклучуваа во детектирањето на учениците, поддршката на наставниците и родителите за интервенција во полето на препознаената тешкотија со индивидуални и групни разговори и советувања, работилници и насоки.

***Секции/клубови***

Согласно *Концепцијата*, во оваа учебна година беа планирани секции за проширување/ продлабочување на содржините од наставните предмети/области, секции за поддршка на други воннаставни интереси на учениците, секции за поддршка на личниот и социјалниот развој на учениците, спортско-рекреативни секции. Особено активни беа членовите на ликовната, литературната и секцијата за велосипедизам, кои учествуваа на повеќе конкурси и манифестации.

Во рамки на подрачјето ***акции*** спроведени се повеќе собирни и хуманитарни акции:

- хуманитарна акција на вработените за помош и поддршка во лекувањето на вработен
- хуманитарна акција во собирање на храна под мотото *Да им помогнеме на оние кои имаат потреба од наша помош*, по повод Светски ден на храна, по иницијатива на ученички парламент
- организиран е Новогодишен базар со учество на деветтоодделенците, второодделенците, VI-2 и VI-3 и нивните наставници и родители. Собраните средства се искористени за потребите на училиштето
- хуманитарна акција за собирање парични средства за лекување на две девојчиња од ретки и тешки болести – вклучени се учениците и вработените

Реализирани се и некои еко – активности:

- посета од претставници од Совет на Општина Куманово и сектор за образование во рамки на акцијата *Куманово Мој Зелен Дом*, чија цел е подигање на свеста за зачувување на животната средина. Одржан е состанок со членовите на еко тимовите, споделени се едукативни материјали и претставен е еко – автобусот на тимот од Електро Македонија
- предавање на тема *Екологија – заштита на животната средина* за ученици од IV, VI и VIII одделение од страна на претставници од Сектор за животна средина од Општина Куманово и АМСМ
- *Еко едукација* во рамки на пилот програма наменета за ученици од I до III одделение, со цел да се подигне еколошката свест кај најмалите. За време на

едукацијата учениците се запознаа со тоа што е отпад, какви видови на отпад постојат, за загадување на природата, за ефектот на стаклена градина и на крај како да селектираат отпад

- чистење на училишниот двор во организација на училишната Еко - патрола по повод Денот на пролетта и Денот на екологијата
- Собирна акција во училиштето – *Да рециклираме за подобра и поздрава животна средина*
- разубавување на училишниот двор – заедно со извидниците се посеани семиња цвеќе, истите се расадени пред главниот влез на училиштето и редовно се одржувани
- учениците од VI-2 за развивање еко-свест преку воннаставни активности научија за сортирање на пластичен и хартиен отпад дома и во училиштето, преку користење бесплатен јавен превоз достапен за сите со што е намалено аерозагадувањето беа во посета на Уно Продукт, фабрика со погон за рециклирање на пластичен отпад и производство на пластичен гранулат, а преку посетата на MIT Group Company научија за важноста на рециклирање хартија и картон
- членовите на Ученичкиот парламент со педагогот Сашка Стаменковска и наставникот по биологија Зденка Димиќ исто така беа во посета на фабриката за рециклирање на хартија и производство на подлошки за јајца - MIT Group Company каде им беше објаснет процесот на рециклирање
- Во ПУ Орашац реализирана е еколошка акција заедно со технички персонал, наставник по ФЗО и учениците од IX одделение. Уреден е училишниот двор и засадени се зимзелени садници
- Со учениците од VIII одделение во ПУ с.Орашац одржан час во природа – засадување на садници, (по руски јазик)
- Учество на 30-на ученици од VI одделение и двајца наставници во одбележување на *меѓународниот ден на Рисот*. Едукативната прошетка низ сафари паркот Бунец и Детската патека ја водеа вработените во НП Маврово и претставници од МЕД - Македонско Еколошко Друштво.

***Ученичко организирање и учество***

Учениците се организирани на ниво на паралелка и училиште. Функциите претседател и заменик претседател на паралелка ги извршуваат ученици од различен пол и истите се изберени на демократски начин. На ниво на паралелка се изберени претседател, заменик претседател, постојани и привремени тела. Заедниците на паралелките беа фокусирани на одржување на редот и почитување на препораките за реализација на настава, придржување до кодексите за однесување, предлози за подобрување на односите.

Сите претседатели и заменик претседатели на паралелките од VI до IX одделение го сочинуваат ученичкиот парламент. Претседателот на ученичкиот парламент е избрен со мнозинство гласови од вкупниот број на претставници од претседателите на заедниците на паралелките по пат на тајно гласање. Разговарано е за постигнатиот успех и дадени се предлози за подобрување на истиот.

На иницијатива на Ученички парламент, по повод 16-ти Октомври, *Светски ден на храната*, беше организирана хуманитарна акција во собирање на храна под мотото *Да им помогнеме на оние кои имаат потреба од наша помош*. За таа цел учениците од VIII и IX одделение направија флаери и ги информираа сите ученици за планираната активност поттикнувајќи хуманост и солидарност и истата ја реализираа, со вклучување и на родителите.

По успешно реализираната собирна акција, ученици волонтери од IX одделение во соработка со волонтери од *Црвен Крст* - Куманово донираа храна на 8 семејства од Општина Куманово. Ученици од VIII одделение го посетија Центарот за лица со интелектуална

попреченост *Порака Наша* каде што исто така донираа храна и имаа прилика да се дружат со дел од корисниците на нивните услуги. Беше донирана храна и на социјално загрозени семејства од реонот на нашето Училиште.

Минатата учебна година е спроведен избор за Ученик правобранител со мандат од две годинии.

За одбележување на *Детска недела* се реализирани пригодни активности:
- цртање во дворот на училиштето, паркинг просторот и помошното игралиште
- изработување на ѕидни весници
- свечена приредба во холот на училиштето по повод прием на учениците од I одделение во *Детска организација,* на која присуствуваа и 50 дечиња и воспитувачи од детска градинка „Ангел Шајче“ клон *Пчелка*
- посета на ученици од I одделение кај градоначалникот на Општина Куманово

Нашите ученици и наставници се вклучија и во активностите за одбележување на *Ден на учителот* во организација на ЗОН и библиотека *Тане Георгиевски:*
- ликовна работилница за ученици од I, II и III одделение
- рецитирање за ученици од IV одделение
- литературни творби на тема *Сите ние имаме крилја, но учителот е тука да не научи да летаме*, ученици од V одделение

За одбележување на 20-ти Ноември - *Светски ден за правата на децата* со ученици од III и IV одделение, училишните педагози и ученичкиот правобранител се одржани работилници на тема: *Детски права и обврски*

За одбележување на Денот на Училиштето се организирани повеќе активности:
- распишани конкурси од библиотека *Фиданка*
  -за I одделение ликовен на тема: *Игри во мојот двор*
  -за II и III одделение ликовен: *Игри во прородата*
  -за IV-V одделение ликовен и литературен: *Ајде заедно да прошетаме*
  -за VI-VII ликовен и литературен: *Детскиот свет во боите на виножитото*
  -за VIII-IX ликовен и литературен: *Животот е убав*
- игри без граници за учениците од III и IV одделение
- игри без граници за вработените
- крос трка од натпреварувачки карактер во посебни категории машки и женски од V; VI со VII и VIII со IX одделение
- литературно читање на кое со свои литературни творби се претставија гостите од основните училишта „Крсте Мисирков", „11Октомври“„Вук Караџиќ" и „Толи Зордумис“, како и наградените ученици на литературниот конкурс
- изложба од наградените ликовни творби
- свечена седница, положување на цвеќе на бистата на патронот
- пригодна приредба

***Вонучилишни активности***

Во месец септември е реализиран еднодневен излет со научно-истражувачки и рекреативен карактер до Меморијален центар АСНОМ во Пелинце, (ученици од III до IX одделение од централното училиште). За учениците од подрачните училишта и од I и II одделение од централното училиште беше организиран излет во блиската околина.

Во месец мај според претходно изготвени програми беа реализирани екскурзии, во чии подготовки учествуваа и родителите на учениците, а за сите дестинации имаше присутно

медицинско лице. За учениците од III одделение беше организирана еднодневна екскурзија до Крушево, за VI дводневна екскурзија до Дојран, а за учениците од IX одделение тридневна екскурзија до Охрид. За учениците од V одделение беше организирана настава во природа, во траење од 3 дена, во Охрид.

Посета на Планетариум и Музејот на Македонска борба со учениците од географската секција, со цел стекнување со нови знаења од областа астрономија и историја.

Како посебен вид воннаставни активности може да се сметаат *гостувањата* на училиштата надвор од земјава во рамките на проекти, како што се: Еразмус +, збратимени училишта и слично. (активностите се наведени во делот – Проекти)

***Натпревари за учениците***

Нашите ученици учествуваа на училишни натпревари и на натпревари во организација на БРО и други институции, како и на распишани конкурси по одредени предмети и на одредени теми, на општинско, регионално, државно и меѓународно ниво. Освоени се повеќе награди и признанија.

| **општински/меѓуопштински натпревари** | | | |
|---|---|---|---|
| меѓуопштински натпревар во кошарка | машка екипа | I место | Сузана Николовска |
| меѓуопштински натпревар во кошарка | женска екипа | II место | Сузана Николовска |
| општински натпревар во одбојка | машка екипа | III место | Марјан Нојковски |
| Вешто возење на велосипед по повод 11 Ноември - *Ден на градот* | Петар Арсовски, III<br>Галена Трајковска, III | I место | Марјан Нојковски |
| | Мила Радојковиќ, III | II место | |
| | Илијан Радевски, III<br>КалинаВеличковска III | III место | |
| | Лука Јовановиќ, V<br>Оља Цветанова, V | I место | |
| | КристијанОрозовскиV<br>Јована Тоневска, V | II место | |
| | Андреј Владевски, V<br>Јоана Банчоковска, V | III место | |
| | Кирил Анчевски, IX | I место | |
| | Анастасија Слободановска, IX | III место | |
| Улична трка по повод 11 Ноември – *Ден на градот* | Јана Анастасовска, V<br>Маша Арсиќ, V | I место | Марјан Нојковски |
| | Ива Тоневска,<br>Бојан Чоробенски | II место | |
| | Александар Стојанов<br>Александро Антевски<br>Марија Божиновска<br>Михаил Стошевски | III место | |
| Литературен натпревар по повод Месец на книгата, библиотека "Тане Георгиевски“ | Миа Јовановска,IX-5 | III место | Весна Тодоровска |
| Меѓуопштински натпревар во атлетика – 60 метри | Бојан Чоробенски,V<br>ЈанаАнастасовска,V<br>Александар АнтевскиVIII<br>Михаил Стошевски, IX<br>Бисера Чоробенски, IX-4 | I место | Марјан Нојковски |
| | Јована Ангеловска, V | II место | |
| | Антонио Николовски,IX<br>Ива Тоневска, IX | III место | |

| | | | |
|---|---|---|---|
| Меѓуопштински натпревар во атлетика – скок во далечина | Михаил Стошевски, IX | I место | Марјан Нојковски |
| | Марио Пешевски | II место | |
| | Бисера Чоробенски, IX | III место | |
| Меѓуопштински натпревар во футсал | женска екипа | III место | Грозде Спасовски |
| меѓуопштински натпревар во кошарка | машка екипа | I место | Сузана Николовска |
| проект *Пишувам кирилица-зборувам македонски* ЈОУ Библиотека „Тане Георгиевски“ | Јана Давидовска IV-1 | I место изразно читање | Снежана Трајковска |
| литературен конкурс *Што значи пријателството,* распишан од ЗГ Друштво на писатели Куманово | Нина АтанасовскаVII-5 | II награда | Елена Арсовска |
| | Ива Христовска VII-5 | III награда | |
| литературен конкурс на тема: *Зошто ја сакам Македонија*, ЗГ Друштво на писатели Куманово | Никола Михаиловиќ VIII-6 | III награда | Силвана П. Додиќ |
| зонски натпревар во кошарка | машка екипа | II место | Сузана Николовска |
| општински натпревар по математика IV одделение | Марио Божиновски, IV-4 | II награда | Мимоза Кузмановска |
| | Мила Алексовска, IV-4 | III награда | |
| | Ева Стоичкова, IV-5<br>Вања Ѓоргиевска, IV-5<br>Лана Арсиќ, IV-5<br>Горјан Божиновски, IV-5 | II награда | Ирена Анастасовска |
| | Борјан Боровиќ, IV-5<br>Марко Доцевски, IV-5<br>Христијан Николиќ, IV-5 | III награда | |
| | Матеј Андоновски,ПУ Добрашане | III награда | Елена Јовановска |
| општински натпревар по математика V одделение | Никола Филиповски, V-3 | II награда | Светлана Кузмановска |
| | Мартина Трајановиќ,V-2<br>Михаела Тасевски, V-2 | III награда | Кристина Петковска |
| | Јана Анастасовска, V-4 | III награда | Биљана Ивановска |
| | Наум Стојмановски, V-5 | III награда | Николина Милевска |
| општински натпревар по математика VI одделение | Сара Арсиќ | I награда | Снежана Стефановска |
| општински натпревар по математика VII одделение | Анастасија Арсовска | I награда | Климентина Михајловиќ |
| | Петар Радевски<br>Михаил Димковски<br>Ѓорѓи Димковски<br>Гордан Јакимовски | II награда | |
| општински натпревар по математика VIII одделение | Тодор Стоичков | I награда | Јасмина Петрушевска |
| | Лука Стојмановиќ | II награда | |
| општински натпревар по математика IX одделение | Илина Арсовска | II награда | Марина Величковска |
| | Матеј Илиевски | III награда | |
| општински натпревар по физика VIII одделение | Лука Стојмановиќ, VIII-2 | I место | Жаклина Пешевска |
| | Јован Станковиќ, VIII-2 | III награда | |
| општински натпревар по физика IX одделение | Андреј Доневски, IX-2 | I место | |
| | Илина Арсовска, IX-4 | I награда | |
| | Петра Томовска,IX-4 | II награда | |
| | Матеј Илиевски, IX-2<br>Андреја Тушевска,IX-4 | III награда | |
| општински натпревар по географија VII одделение | Лазар Николовски VII-1<br>АнастасијаАрсовскаVII-2 | I место | Славица Николиќ |
| општински натпревар по географија IX одделение | Ангела Јаневска, IX-3 | II место | |

| | | | |
|---|---|---|---|
| општински натпревар по хемија | Андреј Доневски, IX-3 | II место | Ставринка Ќипријановска |
| општински натпревар по биологија VII одделение | АнастасијаАрсовска,VII -2<br>Лука Трајковски, VII -<br>Андреј Евтимов, VII -2 | II награда | Лидија Крстевска |
| општински натпревар по биологија IX одделение | Петра Томовска IX-4<br>Андреј Доневски IX-2<br>Илина Арсовска IX-4<br>КристијанСтефановски IX-5<br>Сара Аго IX-4<br>Симона Стојановска IX-3 | I награда | Лидија Крстевска |
| | Марија Симоновиќ IX-4<br>Евгенија Денковска IX-4<br>КостаКостадиновскиIX-4<br>Елена Божиновска IX-4<br>Зое Николај IX-4 | II награда | |
| | Миа Јовановска IX-5 | III награда | |
| општински натпревар по природни науки IV одделение | Ева Стоичкова, IV-5 | I награда | Ирена Анастасовска |
| | Вања Ѓорѓиевска, IV-5<br>Лана Арсиќ, IV-5 | II награда | |
| | Марио Божиновски, IV-4 | I награда | Мимоза Кузмановска |
| | Ева Ангеловска, IV-4 | II награда | |
| | Ана Марија Рајиќ, IV-4 | III награда | |
| | Милица Алексовска,IV-1<br>Матеа Тодоровска, IV-1<br>Јана Тасевска, IV-1<br>СтефанијаНиколовскаIV-1 | II награда | Снежана Трајковска |
| | Нена Ѓорѓиевска, IV-1 | III награда | |
| | Ангел Ангеловски, IV-2 | II награда | Милка Ивановска |
| | Ана Милошевска, IV-2<br>Илона Дарковска, IV-2<br>Миа Цветановска, IV-2 | III награда | |
| | АнастасијаАнгеловска<br>Горјан Илијевски, IV-3<br>Жељко Наумовски, IV-3 | II награда | Марија Димитровска |
| | МагдаленаСаздевска,IV-3 | III награда | |
| општински натпревар по природни науки V одделение | Теодора Божиновски<br>Софија Ристовска<br>Теодора Ристевски | I награда | Биљана Милошевска |
| | Максим Антиќ<br>Јован Спасиќ<br>Мартина Трајановиќ<br>Никола Филиповски<br>Данило Петровиќ<br>Јована Ангеловска<br>Никола Христов<br>Михаела Тасевски<br>Оља Цветановска | II награда | |
| | Ружа Ефремовска<br>Андреј Спасовски<br>Лео Илиевски<br>Јана Анастасовска<br>Никола Димитровски | III награда | |
| општински натпревар по англиски јазик V одделение | Јоана Банчоковска,V-4 | I место | Габриела Арсовска |
| општински натпревар по англиски јазик, VI одделение | Софија Салтировска | II место | Анита Димовска |
| | Лана Стошевска | III место | |
| општински натпревар англиски јазик VII одделение | Лука Трајковски<br>Теа Величковска | I место | Фросина Јовановска |

| | | | |
|---|---|---|---|
| општински натпревар англиски јазик VIII одделение | Исидора Вељковиќ<br>Јана Марковска | II место | Лидија Атанасовска |
| општински натпревар англиски јазик IX одделение | Зое Николај | II место | Соња Коцевска |
| општински натпревар во фудбал | женска екипа | II место | ГроздеСпасовски |
| општински натпревар во атлетика – фрлање ѓуле машки | Горјан Јакимовски | I место | Марјан Нојковски |
| | Даниел Маџевиќ | III место | |
| општински натпревар во атлетика – фрлање ѓуле женски | Стефанија Апостоловска | I место | |
| | Симона Стојановска | II место | |
| општински натпревар во атлетика 600 метри женски | Маша Арсиќ | III место | |
| општински натпревар во атлетика 800 метри машки | Андреј Доневски IX-3 | II место | |
| општински натпревар во атлетика – скок во височина женски | Јована Ангеловска | III место | |
| општински натпревар во атлетика – скок во височина машки | Михаил Стошевски | I место | |
| | Марио Пешевски | II место | |
| | Ангел Арсовски | III место | |
| општински натпревар во атлетика скок во далечина машки | Бојан Чоробенски | II место | |
| општински натпревар во атлетика скок во далечина женски | Јана Анастасовска | II место | |
| | Јована Ангеловска | III место | |
| општински натпревар во атлетика штафета 4x100 | Женски | II место | |
| | Машки | I место | |
| „Поети имитираме–оригинално рецитираме", организиран од ЗОН Учител и Библиотека „Тане Георгиевски" | Мила Николовска III-5 | I место | Нина Јовановска |
| | Павел Додиќ, V-3 | | Светлана Кузмановска |
| | Ана Милошевска, IV-2 | II место | Милка Ивановска |
| | Дарија Цветковиќ, I-5 | III место | Галаба Давчевска |
| **регионални натпревари** | | | |
| регионален натпревар математика IV одделение | Ева Стоичкова, IV-5<br>Вања Ѓоргиева, IV-5<br>Горјан Божиновски, IV-5 | I награда | Ирена Анастасовска |
| | Борјан Боровиќ, IV-5<br>Лана Арсиќ, IV-5<br>Марко Доцевски, IV-5<br>Христијан Николиќ, IV-5 | II награда | |
| | Иван Ристевски, IV-1<br>Милица Алексовска,IV-1<br>Стефанија Николовска, IV-1 | III награда | Снежана Трајковска |
| | СтеванВеселиновскиIV-2 | III награда | Милка Ивановска |
| регионален натпревар математика V одделение | Мартина Трајановиќ V-2 | I награда | Кристина Петковска |
| | Дора Георгиевска V-2 | II награда | |
| | Михаела Тасевски V-2 | III награда | |
| | Давид Јакимовски V-3 | I награда | Светлана Кузмановска |
| | Јован Спасиќ V-3<br>Бојан Чоробенски V-3<br>Никола Христов V-3 | II награда | |
| | Јана Анастасовска V-4 | III награда | Биљана Ивановска |
| | Наум Стојмановски V-5 | III награда | Николина Милевска |
| регионален натпревар математика VI одделение | Огнен Ангеловски | III награда | Снежана Стефановска |
| регионален натпревар математика VII одделение | Анастасија Арсовска<br>Петар Радевски VII-4<br>Михаил Димковски | III награда | Климентина Михајловиќ |

| | | | |
|---|---|---|---|
| регионален натпревар математика VIII одделение | Лука Стојмановиќ VIII-2 | I награда | Јасмина Петрушевска |
| регионален натпревар математика IX одделение | Илина Арсовска IX-4 | II награда | Марина Величковска |
| | Андреј Доневски IX-3 | III награда | |
| регионален натпревар по програмирање | Илина Арсовска, IX-4 | III награда | Лидија Поповска |
| регионален натпревар по природни науки,<br>IV одделение | Јана Тасевска, IV-1 | II награда | Снежана Трајковска |
| | Ангел Ангеловски IV-2<br>Миа Цветановска IV-2 | II награда | Милка Ивановска |
| | Илона Зарковска IV-2 | III награда | |
| | Горјан Илиевски IV-3<br>ЖељкоНаумовскиIV-3<br>Магдалена Саздова IV-3 | III награда | Марија Димитровска |
| | Ева Ангеловска IV-4<br>Ана Марија Рајиќ IV-4<br>Марио Божиновски IV-4 | III награда | Мимоза Кузмановска |
| | Вања Ѓорѓиевска IV-5<br>Ева Стоичевска IV-5<br>Лана Арсиќ IV-5<br>Христијан Николиќ IV-5 | III награда | Ирена Анастасовска |
| регионален натпревар по природни науки,<br>V одделение | Јован Спасиќ | II награда | Биљана Милошевска |
| | Никола Христов<br>Данило Петровиќ<br>Максим Антиќ<br>Никола Филиповски<br>Софија Ристовска<br>Теодора Божиновска<br>Андреј Спасовски<br>Лео Илиевски<br>Мартина Трајановиќ<br>Петар Николовски<br>Јана Анастасовска<br>Никола Димитровски<br>Ружа Ефремовска<br>Теодора Ристевски | III награда | |
| регионален натпревар по физика IX одделение | Андреј Доневски IX-3 | I награда | Жаклина Пешевска |
| | Илина Арсовска,IX-4 | II награда | |
| регионален натпревар по физика VIII одделение | Лука СтојмановиќVIII-2 | II награда | |
| | Тодор Стоичков VIII-2 | III награда | |
| регионален натпревар по биологија,<br>VII одделение | Анастасија Арсовска VII-2 | I место | Лидија Крстевска |
| | Лука Трајковски, VII-1 | II награда | |
| | Петар Радевски, VII-4<br>Нина Павловска VII-4<br>Андреј Евтимов VII-2 | III награда | |
| регионален натпревар по биологија,<br>IX одделение | Зое Николај | II награда | |
| | Андреј Доневски, IX-3<br>Илина Арсовска, IX-4<br>Сара Аго, IX-4<br>Петра Томовска IX-4<br>ЕленаБожиновска IX-4<br>КостаКостадиновскиIX-4<br>КристијанСтефановски IX-5 | III награда | |
| регионален натпревар по англиски јазик,V одделение | Јоана Банчоковска | III место | Габриела Арсовска |
| регионален натпревар по англиски јазик,<br>VI одделение | Софија Салтировска | II место | Анита Димовска |
| | Лана Стошевска | III место | |
| регионален натпревар по англиски јазик,<br>VII одделение | Лука Трајковски | I место | Фросина Јовановска |
| | Теа Величковска | II место | |
| регионален натпревар по англиски јазик,<br>VIII одделение | Исидора Вељковиќ VIII-1 | II место | Лидија Атанасовска |
| регионален натпревар по англиски јазик, IXодд. | Зое Николај IX-4 | I место | Соња Коцевска |
| регионален натпревар по географија | Лазар Николовски,VII | I место | Славица Николиќ |
| | Ангела Јаневска,IX | I место | |
| | Матеј Илиевски,IX | III место | |
| Регионален турнир од проектот фудбал во училиште | II и III одделение | II место | Грозде |

| | | | |
|---|---|---|---|
| | | | Спасовски |
| **државни натпревари** | | | |
| литературен конкурс *Рацин-поет на болката и љубовта* | Лука Трајковски, VII-1 | пофалница | Елена Арсовска |
| IV меморијален математички натпревар *Александар Блажевски – Цане (ниво на олимпијада)2022* | Илина Арсовска, IX-4 | бронзен медал | Марина Величковска |
| републички литературен детски фестивал "Ракатки" | Миа Јовановска, IX-5 | III место | Весна Тодоровска |
| државен натпревар по програмирање | Илина Арсовска, IX-4<br>Андреј Доневски IX-3 | III место | Лидија Поповска |
| државен натпревар по природни науки | Ангел Ангеловски,IV-2 | II награда | Милка Ивановска |
| | Јован Спасиќ, V | III награда | Биљана Милошевска |
| државен натпревар атлетика фрлање ѓуле-женски | Маша Арсиќ | II место | Марјан Нојковски |
| државен натпревар атлетика фрлање ѓуле-машки | Горјан Јакимовски | II место | |
| државен натпревар атлетика скок во височина | Марио Пешевски<br>Ангел Арсовски | III место | |
| државен натпревар атлетика скок во далечина | Михаил Стошевски | I место | |
| државен натпревар атлетика штафета 4×100 | Машки | I место | |
| државен натпревар по географија | Матеј Илиевски IX-2 | I место | Славица Николиќ |
| | Ангела Јаневска IX-3 | III место | |
| државен натпревар по математика, IX одделение | Илина Арсовска IX-4 | II награда | Марина Величковска |
| | Андреј Доневски IX-2 | III награда | |
| државен натпревар по математика, VIII одделение | Лука Стојмановиќ VIII-2 | II награда | Јасмина Петрушевска |
| државен натпревар по биологија | АнастасијаАрсовскаVII2 | I награда | Лидија Крстевска |
| | Зое Николај, IX-4 | III награда | |
| Републички детски литературен фестивал "Ракатки" | Миа Јовановска | III место | Весна Тодоровска |
| државен натпревар по физика | Андреј Доневски IX-2 | I награда | Жаклина Пешевска |
| | Сара Аго IX-4 | II награда | |
| | Илина Арсовска, IX-4 | III награда | |
| | Лука Стојмановиќ, VIII-2 | I награда | |
| | Тодор Стоичков, VIII-2 | III награда | |
| литературен конкурс во пишување есеј на тема: *Јазикот наш денешен* | Елена Божиновска IX-4 | II награда | Весна Тодоровска |
| Јуниорска Македонска Математичка Олимпијада 2023 | Илина Арсовска, IX-4 | сребрен медал | Марина Величковска |
| | Андреј Доневски IX-3 | бронзен медал | |
| Microsoft Office Specialist | Илина Арсовска, IX-4 | Microsoft Сертификат | Лидија Поповска |
| | Андреј Доневски IX-2 | Microsoft сертификат | |

Во текот на учебната 2022/23 г. нашите ученици освоија 263 поединечни и/или екипни награди/места од кои на општинско ниво – 33-први, 61-втори и 46-трети награди/места; на меѓуопштинско ниво 8-први, 4-втори и 5-трети награди/места; на регионално ниво 12-први, 20-втори и 49- трети награди/места; на државно/републичко ниво – 6-први, 7-втори и 12-трети награди/места; како и 1 сребрена и 2 бронзени медали на Јуниорска македонска математичка олимпијада.

***Унапредување на мултикултурализмот, меѓуетничка интеграција и толеранција***

Секој наставник во своите годишни планирања е задолжен да испланира и реализира најмалку 3 самостојни мултикултурни активности во секое полугодие со содржини за интегрирање на мултикултурализмот, меѓуетничка интеграција и толеранција. Покрај ова, на

ниво на училиште се планира соработка со партнер училиште за реализација на заеднички активности.

Во прво полугодие во нашето училиште се реализираа 2 работилници со ученици од ООУ„Наим Фрашери" Куманово (наше партнер училиште од 2013 година). Во двете работилници учествуваа 40 ученици од IX одделение (по 20 од двете училишта). Едната работилница беше на тема: *Употреба на 3Д принтер*. Целта беше учениците да ги зајакнат своите ИТ компетенции, да работат во програма за дизајнирање и практично да работат со 3Д принтер, за да на крај се дружат преку танграм игра која што е испринтана од истиот принтер. Втората работилница беше интеграција помеѓу физика, хемија и математика, каде што преку експерименти и употреба на нагледни средства учениците предвидуваа, мереа, споредуваа волумен и густина на правилни и неправилни форми, менување на густина на вода и збогатување на своето знаење од областа на овие наставни предмети преку примена на современи методи и техники на поучување. Наставниците исто така имаа можност да ги споделуваат искуствата.

Соработката продолжи преку одржаната работилница по математика на тема „Пи број", во чест на *Светски ден на бројот Пи*. Учениците од VIII одделение од двете училишта решаваа задачи, проследија презентација и видеа за бројот Пи, изработија креативни цртежи, решаваа крстозбор, другаруваа и се забавуваа. Работилницата беше организирана и реализирана од страна на наставникот по математика Јасмина Петрушевска и педагогот Сашка Стаменковска.

Поднесена е и апликација за грантови за спроведување на заеднички наставни и воннаставни активности на ученици од различно етничко потекло, кои следат настава на различни наставни јазици, во рамки на проектот *Градиме нови мостови* распишан од страна на Министерството за образование и наука и Мисијата на ОБСЕ во Скопје. За жал, нашите училишта не влегоа меѓу 14-те добитници, но останува можноста апликацијата да се ревидира и повторно да се аплицира во наредниот повик во месец август 2023.

***Проекти***

Реализирани се повеќе активности од *Erasmus +* проекти кои започнаа во минатата учебна година: *Учиме од чудесната природа* (I'm IN), *Чувари на водите* (GLOW), во координација на наставникот Анита Димовска и *Откриј го светот околу себе со новите технологии!* (Open your mind to new technologies), во координација на педагогот Сашка Стаменковска.

Во рамките на проектот *Учиме од чудесната природа* (I'm IN!) реализирани се следните активности:

- Мобилоност на наставници во Амиен, Франција (5 наставници)
- Изработка на есенски land art мандала форми со ученици од VIII одделение
- Изработка на новогодишни честитки со материјали од природата
- Мобилност - нашето училиште домаќин на 7 ученици и 2 наставника од College Eduard Lucas од Амиен, Франција
- Ц3 мобилност во Амиен, Франција на 2 наставници и 12 ученици

Во рамките на проектот *Чувари на водите* (GLOW) реализирани се следните активности:

- следење презентации на партнер училишта за празници кои традиционално се слават со цел запознавање на културните сличности и разлики.
- Мобилност - нашето училиште домаќин на 25 ученици и 10 наставници од партнер држави од Португалија, Шпанија, Турција и Италија
- Мобилност во Тортоза, Шпанија, 6 ученици и 2 наставници

- Мобилност во Брага, Португалија, 6 ученици и 2 наставници

Во рамките на проектот *Откриј го светот околу себе со новите технологии!* (Open your mind to new technologies) реализирани се следните активности:

- набавен 3D принтер со кој учениците ќе можат да се стекнат со нови знаења за новите технологии, да научат што повеќе за 3D принтање и 3D моделирање.
- мобилност Честохова, Полска, 5 ученици и 2 наставници
- работилница креирање на дизајн на новогодишни украси со Tinkercad апликација и принтање на 3Д принтер со ученици од IX одделение
- работилница креирање на дизајн на осмомартовски украси со Tinkercad апликација и принтање на 3Д принтер со ученици од V одделение
- мобилност во Насауд, Романија, 3 наставници и 6 ученици
- Мобилност - нашето училиште домаќин на 25 ученици и 11 наставници со 22 ученика и 6 наставници од нашето училиште
- мобилност во Исерниа, Италија, 3 наставници и 6 ученици
- мобилност во Бургас, Бугарија, 3 наставници и 6 ученици
- мобилност во Агиа, Грција, 3 наставници и 5 ученици
- дисеминација од ученици за сите мобилности
- изработени ПП презентации од ученици на повеќе теми
- изработени и спроведени Kahoot игри
- изработен едукативен пат за флора и фауна во околина на нашето училиште
- изготвување на QR кодови – работилница за ученици од страна на наставник по информатика
- работилница организирана од романскиот тим за наставници за користење на онлајн алатка MindMapping

Оваа учебна година нашето училиште е вклучено во *Проектот за унапредување на основното образование* (ПЕИП), кој го спроведува МОН со поддршка од Канцеларија на Светска банка, како едно од 11 избрани училишта. Во рамки на овој проект, ДПИ започна со спроведување на активности за техничка помош за ревизија на рамката за подобрување на училиштата и воведување програми за училишни грантови.

Реализирани се следните активности:

- Посетен онлајн состанок за информирање за активностите во текот на проектот
- Пополнет електронски прашалник од страна на тимот одговорен за спроведување самоевалуација
- Учество во теренско истражување, односно спроведена дискусија со фокус група со претставници кои биле вклучени во спроведување на СЕУ, пишување на извештајот за СЕУ и програма за развој на училиштето
- Посетена обука за изготвување на СЕУ од 2 наставници и 1 стручен соработник – педагог
- Спроведена е самоевалуација, во која се пилотирани новите инструменти

Вклученост во Пилот проект *Образовна извидничко – младинска програма со извиднички одред Скаут,* финансиран од ЕУ спроведен од УНДП, во координација со наставникот Жаклина Пешевска. Истиот придонесе за збогатување на воннаставните активности за учениците, особено оние активности кои поттикнуваат физичка активност, ученичко дружење и учење во неформален облик. Реализирани се следните активности:

- претставување на одредот, нивната работа и досегашните реализирани активности пред учениците од VII, VIII и IX одделение

- работилница *Шифрирање и кодирање* со учество на ученици од IX одделение

- работилница на тема *Прва помош* - учениците беа едуцирани во пружање прва помош при повреда скршеница, пробод со нож, спречување на крварење, гушење, онесвестување...

- работилница на тема: *Обновлива енергија - сончев панел, рециклирање на хартија и садење семиња од цвеќиња* за да ја разубавиме нашата работна среднина и да научиме да се грижиме за неа; ученици - извидници од IX одделение

-работилница на тема: *Ориентација и топографија,* учениците да научат да се ориентираат во природата користејќи топографска карта, што се изохипси и зошто се важни, најчестите топографски знаци кои можат да се најдат на карта и дека најкраткиот пат не е секогаш најкраток

- извиднички тренинг камп на тема *Цели за одржлив развој.* во с. Пелинце – 10 најактивни ученици во работилниците, заедно со ученици од ООУ„Крсте Мисирков“ и ООУ „11 Октомври“. Целта на тренинг кампот беше да се запознаат учениците со целите за одржлив развој и нивната важност преку работа во групи, истражување и игра.

Во рамки на училишниот проект *Талентот на дело* во координација со наставник-ментор Весна Тодоровска, со учениците од I до VI одделение од подрачните училишта с.Габреш, с.Орашац и с.Биљановце одржани се 4 креативни работилници. На првата од нив учениците заедно со наставниците изработија честитки и украси по повод новогодишните празници. Втората беше одржана по повод Велигден, на тема *Шарено јајце во разиграна пролет* и изработени се ликовни творби и велигденско јајце. Третата беше одржана по повод Ден на планета Земја на тема *Заедно сплотени да ја зачуваме нашата планета* – изработени се творби од рециклиран материјал. Четвртата работилница беше на тема *Моето училиште, мојот патрон.* Воедно се одржа и завршната активност - промовирање на ликовните изработки на учениците преку изложување на истите.

Од второ полугодие во минатата учебна година започна со реализација проектот *Чекори умно и зелено* со вкупно 9 ученици (5 од VIII и 4 од IX одделение), одобрен и поддржан од *Фонд за иновации и технолошки развој* во соработка со МОН, добиен во рамките на јавниот повик *Предизвик за млади истражувачи – зелени проекти.* Проектот е менториран од наставниците Лидија Поповска и Зденка Димиќ.

Учениците имаа задача да создадат контролирана градина со цел да се подобри процесот на растење и развивање на растенијата, а паралелно со оваа паметна контролирана градина беше направена и неконтролирана во училишниот двор која со надворешни природни ресурси се самонаводнува и храни. Насадени се преку 60 различни растенија, на соодветно место и инсталиран е паметен систем за наводнување. Научено е како со паметни системи за наводнување може да се дојде до здрави растенија кои можат да се размножуваат и како да се штеди вода. Наученото од проектот може да се примени во нашите домови, да се пренесе на идните генерации со цел развивање на свеста на учениците за негување и размножување на растенија како и живеење и учење во здрава и чиста средина.

По завршувањето на проектот, учениците продолжија со негување и размножување на растенијата. Насадија корени од растенија кои се добиени со систем на водена култура и научија како да продолжат со размножување на ваков начин. Учениците го насадија растението Chlorophytum comosum, нетоксично растение, безбедно за одгледување во училница. Доволно е 2 саксии од овој вид на растение за прочистување на воздухот во училница. На овој начин, со оваа активност кај учениците ќе се разбуди свеста за учење во здрава, чиста средина.

Во рамки на проектот *Моето село низ објектив* потпишан е меморандум за соработка со невладината организација - *Коло српских сестара.* Проектот е финансиски поддржан од Општина Куманово, а се реализира во соработка со уште четири училишта: „Вера Которка“ – с.Клечовце, „Браќа Рибар“ – с.Табановце, „Карпош“ – с.Умин Дол, „Кирил и Методиј“ –

с.Романовце. Учествуваат 5 ученици од ПУ с. Орашац под менторство на наставникот Марина Атанасовиќ. На пригодна активност, во просториите на Занаетчиски дом – Куманово, преку фотографии и фолклор, нашите ученици ги презентираа убавините на село Орашац.

Со промоција на дигитална стихозбирка завршен е проектот: *Јас, низ стих и ред* во кој беа вклучени членовите од литературна секција генерација 2019-2023 под менторство на наставникот Весна Тодоровска.

И оваа учебна година нашите ученици волонтери беа вклучени во проектот на Црвен Крст - *ПХВ 2023 - Пролетта цути за сите без разлика на годините* чија основна цел е да им се помогне на старите луѓе. Во нашето училиште се спроведе собирна акција. Истата е реализирана во четири основни и две средни училишта во Општината. Оваа активност придонесе за подигање на свеста и промовирање на позитивни вредности на ЧОВЕШТВОТО.

Интересни активности имаше и во реализацијата на наставата по редовни и изборни предмети.

По предметот физика учениците од IX одделение вредно работеа проектна задача на тема *Обновлива енергија и топлинска изолација*. На крајот беше организирана изложба со натпреварувачки карактер – со гласање од страна на наставниците беа изберени најдобрите изработки во машка и женска конкуренција.

По предметот проекти од музичка уметност учениците изработија музички инструменти (од картон), кои беа искористени на приредбата по повод Денот на училиштето, во точката со учениците со ПОП.

Во рамки на предметот класична култура во европска цивилизација учениците од VI одделение и предметниот наставник Марина Атанасовиќ организираа античка гозба, како и претстави на тема од античко време. Исто така учениците кои го изучуваат овој изборен предмет го посетија Музејот на Куманово, каде што имаа можност да се запознаат со археолошки пронајдоци, народни носии и ткаеници, народни музички инструменти и народни обичаи.

***Поддршка на учениците***

Како и минатите учебни години, анализата на успехот на учениците се врши по полова и национална структура, според *Индикаторите за квалитетот на работата на училиштата*. Анализата на успехот на учениците според половата структура дава јасни и корисни податоци за постигањата на учениците. Што се однесува до анализата по национална структура на учениците, истата не придонесува за некои конкретни согледувања и споредби, бидејќи нашето училиште има 92,54% Македонци, 7,04% Срби, 0,32% Роми и 0,16% други.

**Среден успех на учениците од IV до IX одделение**

| **учебна год.** | **2020/21** | | | **2021/22** | | | **2022/23** | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| **одделение** | **сите** | **маш.** | **жен.** | **сите** | **маш.** | **жен.** | **сите** | **маш.** | **жен.** |
| **IV** | 4,74 | 4,65 | 4,83 | 4,65 | 4,62 | 4,68 | 4,61 | 4,50 | 4,73 |
| **V** | 4,62 | 4,49 | 4,74 | 4,64 | 4,51 | 4,78 | 4,68 | 4,62 | 4,74 |
| **VI** | 4,40 | 4,41 | 4,40 | 4,18 | 3,94 | 4,42 | 4,35 | 4,15 | 4,55 |
| **VII** | 4,38 | 4,20 | 4,57 | 4,19 | 4,19 | 4,18 | 4,20 | 3,93 | 4,48 |
| **VIII** | 4,09 | 3,83 | 4,34 | 4,09 | 3,89 | 4,29 | 4,10 | 4,02 | 4,17 |
| **IX** | 4,29 | 4,20 | 4,38 | 4,17 | 3,94 | 4,40 | 4,19 | 3,98 | 4,39 |
| **VI-IX** | 4,29 | 4,17 | 4,42 | 4,15 | 3,98 | 4,31 | 4,19 | 4,01 | 4,37 |

Оваа учебна година во одделенска настава (IV и V одделение) - 72,63% се одлични, 22,63% многу добри, 4,38% се добри, а 0,36% се доволни. Во предметната настава, т.е. од VI

до IX одделение 51,43% од учениците се одлични, 22,56% се многу добри, 21,03% добри, 5,54% се доволни, а 1 ученик (0,19%) го повторуваше одделението.

Девојчињата постигнуваат подобри резултати во скоро сите одделенија, што се гледа од приложената табела

Констатираме дека средниот успех на девојчињата во изминатите три години е над 4,00 (4,42; 4,31; 4,37) додека на машките во предметна настава бил и нешто помал од 4,00 (4,17; 3,98; 4,01).

На крајот од наставната година беше прогласен Ученик на генерација – Илина Арсовска, IX-4 одделение во присуство на ученици, наставници, стручната служба, родители, а беа доделени пофалници/благодарници за учениците со континуирано одличен успех и на учениците кои освоиле I-III место/награда на натпревари.

***Професионалната ориентација*** на учениците според изготвениот план се интензивираше во второто полугодие. Од страна на одделенските раководители се реализирани работилници од програмата ОЖВ, а дел од содржините се реализирани по предметот граѓанско образование. Беше работено на идентификување на способностите, потенцијалите, ставовите и вештините, препознавање и вреднување на сопствените карактеристики, општествени и лични вредности, идентификување на јаките страни. Дел од учениците имаа можност да присуствуваат на разговор со неколку родители кои ги претставија своите занимања. Од страна на стручните соработници беше применет тест за утврдување на интереси, по што учениците истражуваа за можностите за запишување и вработување во област на утврдените интереси.

Со цел промоција на стручното образование како остварлива можност за кариера и за да се претставаат различните стручни образовни профили, учениците од IX одделение присуствуваа на дигитален саем за стручно образование. Исто така беше спроведена дебата со дел од ученици од IX одделение на тема *Стручно образование наспроти гимназиско* во реализација на стручната служба и дел од одделенските раководители, каде што се дискутираше за предности на едното и другото образование.

Средните училишта се претставуваа преку презентации организирани во нашето училиште и посета на наши ученици на отворени денови во средните училишта.

***За промоцијата на добросостојба на учениците, заштита од насилство, од злоупотреба и запуштање, спречување дискриминација*** се водеше сметка преку креирање на сигурна и поттикнувачка околина за учење, поттикнување на уважување на различностите. На ова поле наставниците работеа преку инкорпорирање и обработка на адекватни содржини во рамки на редовната настава, на часовите на одделенска заедница, во воннаставните активности.

Педагошко психолошката служба се вклучи со континуираната советодавно-консултативна работа со учениците и родителите, како и подготвка и реализација на превентивни работилници за учениците (*Насилна и ненасилна комуникација* – во VII, *Пријателство, Реакции на омаловажување, Грешка* – во VIII одделение, Конфликтите се скалила VI, Насилство – Стоп во III). Училишните психолози ја реализираа преземената превентивна програма *Развој на сликата за себе*, во 2 паралелки од V одделение, чија цел е зајакнување на самопочитувањето, емоционалните и социјалните вештини. Со реализацијата на оваа програма учениците преку 4 тематски работилници го обработуваа развојот на самопочитувањето, самовреднувањето и барањето поддршка во околината. Активностите се одвиваа преку работилници, дискусии, евалуација на сработеното. Беше користена работа во пар, работа во мали групи, индивидуална и фронтална работа.

Претставници од МВР - СВР Куманово одржаа предавање за ученици од VIII одделение на тема *Врсничко насилство – булинг.*

Во соработка со претставници од *Центарот за интеркултурен дијалог* ЦИД и нашата колешка Невенка Цветковска одржана е обука за наставници (4) на тема *Булинг.* Притоа е презентиран нов метод и начин на справување со појава на булинг меѓу учениците - No blame метод или *Метод без осудување* кој дава еден поинаков пристап во решавање и надминување на појави на насилство, каде првенствено се работи на создавање на емпатија и намалување на моќта на *насилниците.*

За ученици од V, VI, VII и VIII одделение одржана е работилница на тема *Дискриминација,* како дисеминација на проект кој беше реализиран во јануари 2023 година во Троген, Швајцарија во организација на *Детско село Песталоци* од Швајцарија. На оваа работилница беа презентирани факти, податоци, ставови и појави поврзани со дискриминација на разни основи на кои што нашата ученичка Каролина Милошевска, VIII-5 одделение, заедно со ученици од повеќе основни училишта од нашата општина, работеа во рамки на овој двонеделен проект.

***Оценување/вреднување*** на постигањата на учениците се спроведе според Законот за основно образование и во согласност со *Критериумите* и *Стандардите за оценување.*

Учениците од I - III одделение на крај од учебната година се оценети описно, а од IV-IX одделение се оценети бројчано. Во координација помеѓу наставниците беше испланирано писменото оценување (во еден ден да нема повеќе од едно писмено оценување, а во седмицата не повеќе од две). По сите наставни предмети од I – IX одделение се реализирани сите планирани содржини по предвидениот број часови и е извршено соодветно вреднување на знаењата на учениците. Резултатите од вреднувањето на знаењата на учениците се прикажани во табеларни прегледи, по што е изготвена анализа, како посебен документ.

Се применуваше и формативно и сумативно оценување, во согласност со различните наставни методи и инструменти за оценување на учениците.

Тимот за следење, анализа и поддршка на оценувањето кој е задолжен за имплементирање и стимулирање на наставниците за примена на стандардите во оценувањето, очекувањата од секој предметен наставник како и нивното планирање на формативното и сумативното оценување им пружаше поддршка во текот на целиот процес.

Следењето на квалитетот на оценување во училиштето се вршеше преку следење на планирањата на наставниците за проверка и оценување на успехот на учениците (тематски планирања), следење и анализа на успехот на учениците преку табеларните прегледи за секој класификационен период.

***Стручни посети за следење и вреднување на квалитетот на работата на воспитно образовниот кадар*** се вршени од ВД директорот, Според Закон за основно образование, а со овластување од ВД директорот, и од помошник директорот и стручните соработници. Следењето и вреднувањето се однесува на квалитетот на работата и постигањето на компетенциите и стандардите на наставниците. Следени се часови кај сите наставници, според однапред изготвен план, по што е направена соодветна анализа.

Во рамки на надворешно мерење на постигањата на учениците нашето училиште е вклучено во меѓународна студија TIMSS 2023, во која се следат постигањата на учениците од IV одделение по предметите природни науки и математика. Определени се училишен координатор и заменик координатор кои за време на зимскиот распуст посетија онлајн обука, а тестирањето беше спроведено во второ полугодие. Тестирани се учениците од IV-2 во централното училиште и од IV одделение во подрачните училишта во Добрашане и Бињановце.

Во училиштето, од страна на педагогот беше спроведено интерно тестирање на ученици од III и IV одделение за разбирање на прочитан текст, преку читање на краток тест и одговарање на прашања поврзани со текстот. Резултатите од тестирањето ќе се користат во

планирање на понатамошни активности по предметот македонски јазик во наредната учебна година

***Безбедност во училиштето***

Училиштето има изготвено Програма за лична и колективна заштита и безбедност, превенција и заштита од природни и други несреќи, како и план за евакуација кој е достапен и истакнат на видно место. Сите потенцијално небезбедни/опасни места се означени со соодветни ознаки.

Во текот на ноември изведена е показна вежба според План за заштита и спасување - Евакуација на ученици и наставници, за која учениците беа детално инструирани на часот на заедница на паралелката. За таа цел беше изготвен флаер со обележани насоки на движење при евакуација. Стекнатото искуство имаа прилика да го применат во текот на месец декември, кога поради дојава за експлозивна направа, во два наврати мораше да биде извршена итна евакуација на учениците и вработените. Притоа се следени препораките од работниот состанок помеѓу Отсек за превенција и Сектор за образование – Куманово со директорите на училиштата.

Редовно се следени и препораките во однос на зајакнување на дигиталната безбедносна култура, преку промена на електронската адреса. Беше зајакната и контролата за влез/излез на училиштата со фокус на намалување на ризикот од внес на сомнителни предмети, како и влез на неовластени лица.

Во реализација на Републичка агенција за заштита и спасување одржана е презентација за ученици и вработени на тема *Заштита и спасување од урнатини*. Дадени беа насоки како да се постапи во случај на земјотрес, како да се заштитиме и најважно од се да останеме присебни и без паника. Истата презентација е проследена на часовите на одделенска заедница во сите паралелки.

За учениците од I одделение одржано е предавање на тема *Безбедно дома и на училиште*, од страна на МВР.

По немилиот настан со врсничко насилство во непосредното соседство, беа следени насоките за спроведување активности за подобрување на менталното здравје и добросостојбата кај учениците и кадарот. Во рамките на ова преземени се следните активности:

- работна средба и договор помеѓу вработените со цел да се усогласи пристапот и пораките кои ќе се пренесуваат при разговорите со учениците
- посетена е работилница за психосоцијална поддршка на менталното здравје и добросостојба на децата и возрасните во ситуација на криза, од 1 стручен соработник
- водени се разговори на часовите на одделенска заедница со цел да се разговара отворено и да се посочат можностите за психосоцијална помош и поддршка во училиштето
- реализирана вежба на споделување за врските на поддршка, преку активно слушање и размена на содржините, од страна на одделенските раководители (и стручни соработници)
- стручните соработници понудија отворени денови за родителите за актуелни прашања насочени кон враќање на довербата и чувството на безбедност во училиштето

Во контекст на ова учениците од I, II, III и IV одделение ја проследија театарската претстава *Трите прасиња*, по препорака на Сектор за образование и Сектор за култура – Општина Куманово. Истата содржи совети за најмладите кои што артистите им ги пренесуваат преку песна и театарска игра – да не дозволиме никаде да се случат црни сценарија како што беше примерот во Србија.

***Грижа за здравјето***

Во училиштето се водеше сметка хигиената да се одржува на високо ниво. Пред почетокот е извршена целосна дезинфекција (ХЕС-Куманово). Училниците, ходниците, скалите, тоалетите, сите работни површини редовно се дезинфицирани по завршување на секоја смена, а по потреба и почесто.

Со систематски прегледи се опфатени учениците од I, III, V, VII и IX одделение. Овие прегледи се започнати за време на зимскиот распуст за учениците, а продолжија во второто полугодие во Школска амбуланта при Медицинскиот центар - Куманово, по претходно изготвен распоред во кој се внимава да не се попречува наставата.

Вакцинирање се вршеше според календарот за имунизација и вакцинација. Опфатени се сите ученици од 6 до 15 години со следниве вакцини:

6 години (I одделение) - морбили, рубеола, дифтерија, тетанус заразни заушки и инактивнаполио вакцина;

7 години (II одделение) - детска парализа, дифтерија, тетанус;

12 години (VI одделение) - инфекции со Хуман папилома вирус (ХПВ) (само за девојчиња);

14 години (завршна година во основното образование) - детска парализа, дифтерија и тетанус.

За девојчињата од V одделение (со потпишана согласност од родителите) се одржа предавање од Always училишната програма, поддржана од МОН. Преку презентација, демонстрација, експеримент, квиз и дискусија ученичките се запознаа со физичките и емоционалните промени во пубертет, физиолошките промени на телото и правилната терминологија за репродуктивниот систем, како и личната хигиена, за која секој треба индивидуално да се грижи. Потоа следеше евалуација преку електронски прашалник за наставниците и родителите, а беа поделени и пакетчиња, со брошура и хигиенски производи.

***Училишна клима***

Училиштето континуирано води грижа за дисциплината од почетокот до крајот на работното време.

Учениците и наставниците водеа континуирана грижа за естетското и функционално уредување на просторот во училиштето. Кај учениците е всадена навика за чување и одржување на изложените изработки. Училниците, ходниците и холот се уредувани согласно темите од наставната програма, реализирани активности од проектите во кои е вклучено училиштето, празниците и годишните времиња. За одбележување се активностите на ликовната секција, која реализираше работилница за естетско уредување во ПУ с.Биљановце, како и повеќе работилници за уредување на просторот на бината во централното училиште.

Во училиштето постојат кодекси за однесување на наставниците, учениците и родителите.

Во рамки на подрачјето ***Професионален и кариерен развој на воспитно-образовниот кадар*** редовно се пружаше поддршка на професионалниот развој и подобрување на компетенциите на наставниците преку советодавно–консултативни разговори и состаноци, навремено обезбедување на потребната документација за полагање на стручен испит на наставниците-почетници, ажурирани се професионалните досиеја на сите наставници и стручни соработници.

За ефективен професионален развој наставниците и стручните соработници изготвија личен план за професионален развој врз основа на самопроценка на сопствените компетенции, потреби, интереси и професионални интереси. Истиот е усогласен со планирањето на колегите од стручниот актив, со потребите на училиштето и државата и реалните можности за остварување на желбите и плановите.

Потребите и приоритетите за стручно усовршување се детектирани врз основа на личните планови за професионален развој на наставниците/стручните соработници, резултатите од самопроценката и извршената *Самоевалуација на училиштето*, како и изготвените предлог-програми за професионален развој на ниво на стручни активи. Како приоритетна област за оваа учебна година беше да се продолжи со воспоставената практика за дисеминација на стекнатите знаења, а особено внимание да се посвети на следење на новините во законските и програмските документи и унапредување на сопствената педагошка практика врз основа на следење и имплементирање на промените и новините во системот на образованието. Исто така да се изврши соодветно детектирање на потребите за професионално усовршување и посета на задолжителните акредитирани обуки од каталог на БРО финансирани од МОН.

Во *Училишната програма за професионален развој* се предвидени семинари за измени од наставните планови и програми од страна на БРО; интерни обуки, предавања и работилници на стручни активи и наставнички совет, дисеминација на обуки на ниво на училиште; реализација на активности од Училишна програма за професионален развој.

- За следење на новините во законските и програмските документи беше посетена *Обука за новата Концепција за основно образование* (сите наставници во I, II, IV и V одделение), а во месец јуни 2023 за сите наставници во III одделение од уч. 2022/23 и оние наставници од одделенска настава кои досега не биле на обука и за дел од наставниците во VI одделение, како и *Планирање и реализација на наставата според новата концепција за основно образование* – модул Обука за стручни соработници (педагог и психолог)
- Од задолжителните акредитирани обуки наставниците ги посетија следните:
  - *Воспитание во современ контекст – социоемоционални вештини кај учениците* – 56 наставници
  - *Дизајнирање на објективни тестови на знаење* – 9 наставници
  - *Стратегии за менаџмент во училница - принципи и примери на добра практика за создавање позитивна атмосфера во училница* – 20 наставници (дел се планирани во август 2023)
  - *Стратегии, методи и техники за работа со надарени ученици* – 29 наставници
  - *Професионална соработка на наставниците (стручни активи, заедници на учење, менторства и сл.)* – 3 наставници
- Стручните соработници ги посетија следните обуки:
  - *Професионална ориентација на ученици – зајакнување на ученици преку самоспознавање и советување за кариерен развој* – 2
  - *Развој на социјални вештини и самодоверба кај учениците, справување со проблематично однесување и создавање на позитивна социо-емоционална клима на час* – 2
  - *Инклузивно образование во пракса* – 1
- Дел од членовите на УИТ (7) ја посетија онлајн обуката *Изготвување на ИОП и модифицирана програма*
- Обука за наставници на тема *Булинг* – 4 наставници
- Обука за реализација на изборен предмет шах – 3 наставници
- Обука за искуствено учење за животната средина и климатски промени за наставниците по природните науки
- Обука за ИКРУ и самоевалуација – 2 наставници и 1 стручен соработник
- Дисеминација на Обука за ИКРУ и самоевалуација – за членови на тимови за СЕУ
- Во рамки на индивидуално стручно усовршување голем дел од наставниците посетија повеќе конференции, вебинари, споделени туторијали за реализација на наставата.

Наставниците/стручните соработници можат да напредуваат во звања. Категоријата наставник/стручен соработник се добива со полагање на стручен испит за наставник/стручен соработник. Наставникот/стручниот соработник може да напредува во звање наставник/стручен соработник - ментор и наставник/стручен соработник - советник. Професионалните стандарди за звањата наставник/стручен соработник - ментор и наставник/стручен соработник - советник и начинот на стекнување ги пропишува министерот на предлог на БРО и ЦСОО. Во учебната 2020/21 година од страна на МОН по првпат беше распишан јавен повик за напредување во звање, на кој аплицираа тројца наставници од нашето училиште, со поддршка од менаџерскиот тим и тимот за професионален развој. За наставник – ментор беше изберена Весна Тодоровска, наставник по македонски јазик, која активно се вклучи во работата со сите наставници, пружајќи адекватна поддршка.

***Соработка на Училиштето со родителите/старателите***

Сите тежишни приоритети се разгледуваат на состаноци на Совет на родители и истите даваат идејни решенија за имплементација на истите. Родителите се вклучени во сите сегменти на работење на училиштето и тоа при: детектирање на состојбите во училиштето од типот на настанати дефекти и потребни поправки на инвентарот и подобрување на условите за работа, нивни идејни планови за организација на активности во училиштето, во донесување на решенија и одлуки во интерес на сите субјекти во училиште и реализација на истите.

***Комуникација со јавноста и промоција на Училиштето***

*Тимот за комуникација со јавноста и промоција на училиштето* и оваа учебна година работеше на промовирање на активностите и достигнувањата, за да се запознае локалната средина со постоечките состојби и проблеми во училиштето

Следени се сите објавени конкурси и натпревари на локално, државно и на меѓународно ниво, на кои нашите ученици со своите лични творби земаа активно учество.

За сите новини, активности и достигнувања редовно се известуваше преку Web страна на Училиштето која што минатата учебна година беше надградена со пристап до информации од јавен карактер според добиени насоки од страна на Агенција за заштита на правото на слободен пристап до информациите од јавен карактер. Особено популарна е и Fun page на Училиштето, која постојано се обработува и надоградува со информации за активности спроведени во Училиштето или надвор од него. Продолжи соработката со државната телевизија МТВ, новинска агенција МИА, локалната телевизиска станица „ТВ Плус", локалното радио „Браво" и интернет порталот „Kumanovo News". Како форми и методи за информирање се користени интервјуа, репортажи.

Наши ученици и наставници учествуваа на повеќе манифестации, работилници, настани и хуманитарни акции:

- *Ликовни конкурси и манифестации*

-ликовна работилница на тема *Портрет* по повод 11 Ноември - Ден на ослободување на град Куманово

-детска ликовна колонија *Пчиња 2023,* организирана од ХЗ "Мајка" во соработка со ООУ "Браќа Миладиновци" - ПУ с.Пчиња, финансиски поддржана од Програма за културни манифестации на Општина Куманово за 2023 год. Учениците твореа на тема *Убавините на реката Пчиња* и *Бислимската клисура*

-ликовна работилница во Дом на култура, добиени пригодни подароци и освоени места: Јована Ангеловска - I место, Максим Антиќ – III место и Даријан Смилевски - благодарница за учество

-на конкурсот „100 години македонско воздухопловство", на тема *Летањето спасува живот,* II место

-ликовен конкурс *Македонските раси на кучиња, најдрагите придружници на децата* распишан од Кинолошки клуб *Македонски паничар*, каде што16 ученици освоија I место: Калин Спасовски, IV одд., Изабелла Петровска, IV одд., - Јована Ангеловска, V одд., Даријан Смилевски, V одд, - Михаела Давидовска, VI одд Ангела Арсовска VI одд., - Мила ЈакимовскаVII одд. Јоана Зарковска VII одд., Теодора Давитковска VIIодд. - Нина Крапевска,VII одд. - Марта Доцевска, VIIIодд. Ања Ѓорѓиевска, IXодд. Елена Божиновска, - Елеонора Серафимовиќ, Лина Арсовска, IX одд. Софија Атанасовска, IX одд; 4 ученици освоија II место: Теодора Арсовска VI одд., Евгенија Денковска, IX одд., - Инес Стојмановска, IX одд Миа Јовановска IX одд., 2 ученици освоија III место: Јован Чоробенски, IX одд., Теодора Николовска, IX одд.

- *Литературни конкурси и манифестации*

  -учество во проектот *Пишувам кирилица - зборувам македонски*

  -учество на литературниот конкурс на тема: *Рацин - поет на болката и љубовта*

  -учество на литературниот конкурс на тема: *Што значи пријателството*, распишан од ЗГ *Друштво на писатели Куманово*

  -на литературен конкурс на тема *Писмо од Треблинка* во рамки на училишниот проект *Холокаустот низ призмата на детските очи* нашите ученички Миа Јовановска од IX-5 и Елена Божиновска од IX-4 на завршната манифестација добија благодарници за учество

  -на натпреварот во пишување песни и раскази на тема *БЗР од мали нозе* по повод светскиот ден за заштита и здравје при работа нашите ученици и нивните ментори добија пофалници и по еден примерок од збирката раскази и песни со наслов „БЗР од мали нозе“.
- *По повод Месец на книгата*

  - учество на литературно-креативна работилница во градската библиотека *Тане Георгиевски*

  - учество на литературен натпревар за ученици од основни училишта, на тема: *Една ноќ во Библиотеката*

  - традиционална посета на училишната библиотека *Фиданка* од страна на дечиња од градинката „*Ангел Шајче*", клон *Пчелка*, нашите идни ученици

  - литературно читање пред дечињата, идни првачиња во градинката
- По повод 3 декември – *Меѓународен ден на лица со попреченост*

  - во нашето Училиште се одржаа низа активности, спортски игри и другарувања во организација на образовните асистенти, наставници по ФЗО и одделенска настава и специјалниот едукатор и рехабилитатор

  - учество на работилница за изработка на честитки во ООУ "Христијан Тодоровски Карпош"и следење на изведби на дечињата од Дневниот центар *Доза Среќа*
- Активности по повод *Европска недела на спортот 2022* - реализирани се повеќе спортски активности за учениците од одделенска настава. За целокупниот ангажман нашиот наставник Грозде Спасовски беше прогласен за најдобар спортски работник во областа на училишен спорт.
- По повод *Европски денови на културно наследство* ученици од IV одделение беа во посета на Музеј Куманово, при што учествуваа и во работилница на тема: *Грнчарство*
- Под покровителство на фото клуб-Куманово одржани се:

  -предавање на тема *Жената во уметноста – денес,* по повод 8 Март, кое имаше за цел да ги разбуди креативните нишки кај нашите ученички, кон послободно творење и отворање кон светот на уметноста. Неколку истакнати жени имаа едукативно излагање за инволвираноста на жената во сферите на општеството преку уметност

- работилница (кратка фото-школа) проследена со теренска настава, фотографирање надвор на тема: жената мајка, сестра, пријателка, столбот на фамилијата и општеството

- излагање на фотографските записи на изложбата *Жените и фотографијата* во Центарот за култура, по повод 8 Март

- Во соработка со ЗПЗП Козјак 2013, од страна на лиценцирани водичи одржана е работилница за ученици од VIII и IX одделение на која се запознаа со опремата која ја користат планинарите, дел од методите на ориентација и движење во група во планина.

  -планинарење на учениците и неколку наставници покрај течението на Пчиња, во Бислимската клисура - посета на пештера, присуство на искачување на карпа, посета на музеј куќата во с. Пчиња

- Во рамки на програмата Вело Училишта - Општина Куманово, имаше промени во функционирањето на мрежата, при што освен реализација на вело активности со учениците, акцент беше ставен на унапредување и зајакнување на капацитетите во областа на велосипедизам кај просветните работници.

  -беа организирани онлајн работилници, запознавање со нов дидактички материјали

- *Други манифестации*

Учество на научна трибина од манифестацијата - Јавна научна трибина, Историски час и изложба *Борбено и слободарско Куманово*

- Учество на улична трка на нашите велосипедисти по повод *Денот на градот* - 11 Ноември

- Меѓусебна училишна соработка со училиштето „Браќа Миладиновци“, по 5 ученици од паралелка на V и IV одделение учествуваа во спортски активности: трчање, возење велосипеди и ролери на спортско игралиште *Соколана*

- Филмски фестивал за млади *Џифони Македонија* во Скопје - Низ разни работилници, гледање на филмови од светски продукции, дебати, панел - дискусии со афирмирани филмски работници, учесниците ги проширија своите познавања од седмата уметност-филмот

- Посета на кино претстава *Пинокио* – ученици од III, IV и V одделение

- Посета на Собрание на РС Македонија и Спомен куќата на Мајка Тереза ученици од IX одделение и 3 наставници

- Учество во одбележување на Патрониот празник на ОУРЦ „Иднина“ - Скопје под мотото *Никогаш не е доцна да се трансформираме себеси*...промената е искуство!

-Учество на учениците со ПОП на завршниот настан *Довидување полуматуранти* на ООУ„Карпош“ с. Умин Дол во соработка со општинскиот совет за превенција на детско престапништво

- Реализирана активност со учениците со ПОП и образовните асистенти по повод Денот на шегата и 2 април - Денот на лица со аутизам

- Училишен маскенбал по повод Денот на шегата, прва смена во холот, втора смена со дефиле околу училиштето

- Учество на учениците на *алтернатива графити фест Куманово*

- Учество на завршна манифестација и доделување на награди на „*Детска ликовна колонија Пчиња 2023*". Дариа Русевска III место, Марија Цветковска – благодарница под менторство на ликовниот педагог Далибор Јовановски.

- Средба со амбасадорот на Република Италија, Н.Е. Андреа Силвестри во рамки на одбележувањето на 30 години од воспоставување на дипломатски односи помеѓу Македонија и Италија. Ангела Јаневска со менторот Анита Атанасовска и ученици од ООУ„Б.Миладиновци“ настапија со поезија од италијански поети, а пред публиката беше

интерпретирана и оперска арија, во изведба на музичките уметници од УОМО „Панче Пешев” – Куманово и оперската пејачка Ивана Андоновска.

- Учество на маскенбал *Батко Ѓорѓија* – Куманово, со групната маска *Волшебникот од Оз,* под менторство на наставниците Анита Димовска и Далибор Јовановски
- општински натпревар по прва помош 2023 во организација на Црвен Крст Куманово, благодарница за учество

***Пријатели/соработници на училиштето помогнаа со свои донации и тоа:***

- новогодишни пакетчиња на хуманитарната организација ,,Дарио Петровски" – ПУ Орашац и други
- здрава ужинка за секој ученик - Министерство за земјоделие
- чоколадни млекца и тетратки за учениците од I одделение по повод поаѓање во училиште – млекари Куманово и Битола
- донација на шпорети наменети за подрачните училишта од родителите од II-5 и родител од I-5

***Следење на педагошка евиденција и документација***

Во нашето училиште во учебната 2022/23 год. од страна на директорот редовно се следеше педагошката евиденција и документација на наставниците во е-дневник (навремено внесување на наставниот план, распоред на часовите, податоци за учениците, водење точен преглед на изостаноци на учениците; јасна и точна евиденција на оценките за успехот и поведението на учениците; редовно евидентирање на часовите; здравствена заштита на учениците, соработка со родители; евиденција за реализирани часови и содржини итн.). За сите недостатоци наставниците се известени во индивидуални разговори и на групни состаноци и направена е соодветна корекција. Делот со евиденција за реализираните наставни часови на месечно ниво беше печатен и доставуван на потпис кај директорот.

***Работа на стручни органи***

Работата на стручните органи се остварува според донесените програми, утврдени потреби и изготвен и усвоен дневен ред за работа. Во текот на оваа учебна година се одржани 4 состаноци на Совет на одделенски наставници и 4 на Совет на предметни наставници, како и 16 состаноци на Наставнички совет.

На состаноците на **Совет на одделенски и предметни наставници** беа избрани одговорен наставник и записничар за претстојната учебна година. На овие состаноци се дискутираше за реализација на НПП. Особено се даде акцент за оценетоста и редовноста на учениците. Беа констатирани изречени педагошки мерки на крајот од класификационите периоди, а беа разгледувани и одредени прашања од воспитно – образовната работа во училиштето (имплементирање на новата Концепција за основно образование).

На состаноците на **Наставнички совет** покрај утврдување на успех, редовност и поведение на учениците на крајот од класификационите периоди, беа разгледувани и други значајни прашања поврзани со спроведување на воспитно – образовниот процес:

- формирање на тимови за реализирање на предвидени активности поврзани со работењето на училиштето
- планирање на воспитно – образовна дејност, распределба на часови, распоред на часови, определување на одделенски раководители, работење во смени, реорганизација на училиштето за работа во услови на пандемија, назначување на координатори на одделенија и одговорни наставници на стручни активи
- редовно информирање и запознавање на наставниот кадар со сите новитети, правилници, протоколи, упатства, концепции и процедури изготвени од МОН и БРО и нивно имплементирање во ВОП
- донесување одлуки по барања доставени од родители

- разгледување анализи, извештаи и друг материјал поврзан со работата на училиштето

- дискусии за унапредување на наставата и стручно усовршување на наставниците и стручните соработници

- редовно информирање на наставниците за сите превземени дејствија во училиштето

- јавно пофалување на наставниците и учениците за постигнатите резултати во ВОР

- континуирано давање насоки за пополнување на педагошка евиденција и документација, согласно сите измени усвоени од МОН и БРО

- назначување наставници и стручни соработници – ментори на наставници – приправници и стручни соработници-приправници

- донесување и усвојување одлуки за начин на работење, организирање и планирање на воспитно – образовната работа

Наставниците кои предаваат ист предмет или подрачје се членови на **стручни активи.** Во одделенска настава функционираат 6 активи (по еден на ниво на секое одделение и еден на ниво на одделенска настава). Во предметна настава се поделени по подрачја: македонски јазик; англиски јазик; германски, италијански, руски јазик; природни науки, биологија, географија, хемија, иновации; математика и физика; информатика и техничко образование; ФЗО; музичко образование, ликовно образование; историја, етика, граѓанско образование, запознавање на религиите и класична култура во европска цивилизација.

Стручните активи на училиштето работеа на усогласување на критериумите за планирање на наставата и за оценување на постигањата на учениците; разгледуваа насоки, упатства, на ниво на I, II, IV и V одделение, усогласување на планирањата со новата Концепција за основно образование; даваа предлози на наставничките совети на училиштето за подобрување на воспитно-образовната работа, расправаа за забелешките на родителите односно старателите, учениците, разменуваа стручни искуства со цел стручно усовршување и вршеа други стручни работи определени со годишната програма за работа на училиштето.

Годишната програма за работа на ООУ„Кочо Рацин“ Куманово во учебната 2022/23 година сметаме дека е успешно реализирана, со оглед на околностите.

- сите активности и постигнати резултати редовно се промовирани на училишната веб страна и локалните, регионалните и државни медиуми
- особено се работеше на реализација на проектите Erasmus+ кои започнаа во минатата учебна година: *Учиме од чудесната природа* (I'm IN), *Чувари на водите* (GLOW) и *Откриј го светот околу себе со новите технологии!* (Open your mind to new technologies)
- секој наставник на крај на учебната година изготви извештај за сопствената работа – релизација на редовната, дополнителната и додатната настава, слободните ученички активности, со користење на новите обрасци, според Правилникот
- во текот на учебната година следени се и постигањата на децата со ПОП инклузирани во редовната настава според изготвен ИОП
- од страна на директорот и стручните соработници редовно се посетувани наставните часови, според однапред изготвен распоред, во склад со процедурата
- беше релизирана и Законската обврска за Советување на родителите чии деца нередовно посетуваа настава и не постигнуваа задоволителен успех во учењето

**Изработиле**:
Тим стручни соработници

**в.д.Директор**
____________________
/Лидија Пешевска/